Упатство
за примена на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието
на Република Македонија

I. Цел на ова Упатство е да му помогне на пратеникот во примената на Кодексот за етичко однесување на пратениците во Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Кодекс), за превенирање и надминување на ситуации во кои може да се најде пратеникот при извршување на својата функција и за подигање на свеста на пратеникот за доследно почитување на етичките начела и правилата на однесување.

II. Основните етички начела утврдени и дефинирани во Кодексот: објективност, јавност и одговорност, заемно почитување и почитување на личниот интегритет на другите, пратеникот е должен да ги почитува при извршување на функцијата во Собранието и надвор од него и ги прифаќа како вредности во своето секојдневно однесување.

Имајќи ги предвид овие начела пратеникот функцијата ја извршува на принципите на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација. При извршувањето на функцијата пратеникот ја почитува забраната за секаков вид на дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа. Ова начело во основа бара личните ставови, гледишта и интереси да не влијаат при извршувањето на функцијата која ја има пратеникот во Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собрание) како претседател или член на комисија и да ги почитува постапките утврдени во Деловникот на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Деловник).

III. Кодексот утврдува правила на однесување на пратениците кои ги има во голем број на држави, некаде се обемни и детални, а во повеќето држави се многу општи и кратки. Така, Кодексот ги утврдува: основните правила на однесување, спречувањето на судирот на интереси, забрана на корупција, забрана за примање на подароци, буџетска и финансиска дисциплина и однос кон средствата кои се користат во Собранието. Пратеникот овие правила е должен да ги почитува при извршување на надлежностите во Собранието и надвор од него.

1. Основни правила на однесување

а) Пратеникот во своето онесување е должен да ги почитува основните правила на однесување од Кодексот со што ќе овозможи непречено одржување на седниците на Собранието и на работните тела и седници со квалитетна размена на идеи. На седниците на Собранието и на работните тела пратеникот во своите говори и реплики не смее да користи зборови и изрази со кои ќе повреди, омаловажи или дискриминира други лица, ќе предизвика омраза, нетолеранција и насилство, не смее да го прекинува говорникот, да говори без да му биде дадено збор или на кој било друг начин го наруши текот на седницата.

Ова основно правило на однесување е нормирано и во Деловникот во делот што се однесува на одржувањето на редот на седница на Собранието, каде е утврдено дека за одржување на редот на седницата се грижи претседателот на Собранието и дека за повреда на редот на седницата, претседателот на Собранието може да го опомене и да му го одземе зборот на пратеникот.

б) За да не го наруши својот углед и достоинството на Собранието пратеникот е должен да ги почитува правилата на пристојно облекување при што е должен да води сметка за пристојно облекување во сите јавни настапи како претставник на Собранието, во Собранието и надвор од него, но и во неговите секојдневни активности, кои не се поврзани со пратеничката функција.

2. Судир на интереси

Правилата кои се однесуваат на спречување судир на јавниот и приватниот интерес се дефинирани како во Кодексот, така и во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и други закони кои уредуваат соодветни области. Сепак при извршувањето на функцијата пратеник можат да се појават определени дилеми. Ова особено поради професионалното вршење на функцијата пратеник и начинот на уредување на неспоивоста на функцијата пратеник во Изборниот законик и во Законот за пратениците. Може да се постави прашање на пример, дали пратеник лекар може да врши лекарска дејност, дали пратеникот професор може да предава на високообразовни установи и други прашања поврзани со професиите на пратениците. За вакви и слични прашања и дилеми пратеникот може да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата или од Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

3. Забрана на корупција

Пратеникот во вршењето на функцијата е должен да ги почитува правилата кои се однесуваат на забрана на корупцијата и да избегнува секакво однесување кое согласно со домашното и меѓународното законодавство би можело да се квалификува како коруптивно дејство или отстапување од правилата на Кодексот.

Исто така, пратеникот е должен да избегнува однесување кое на било кој начин може да предизвика сомнеж дека ја злоупотребува функцијата. На пример:

- доколку на службено патување пратеникот го придружува неговиот/нејзиниот сопруг/сопруга или друго лице, трошоците за неговото/нејзиното патување и сместување се на товар на пратеникот;
- пратеникот не смее да влијае во постапки за вработување или унапредување
- пратеникот не смее да влијае во постапки за доделување на договори за јавни набавки

4. Забрана на примање на подароци

Правилата кои се однесуваат на забраната за примање на подароци се опфатени во Кодексот и се однесуваат на протоколарните подароци и пратеникот е должен да постапува по нив. Забраната за примање на подароци е утврдена и во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и во други закони кои се однесуваат и за пратениците.

Меѓутоа, угледот на пратеникот може да биде доведен во прашање доколку пратеникот, па дури и од нему блиски лица, прими подарок и тоа со многу мала вредност (пенкала, книга и слични предмети дадени во соодветна пригода) или прифати понуда за гостопримливост (покана за кафе или скромен ручек). Особено ако ова се случува многу често и без оглед на малата вредност. Но, од друга страна пратеникот треба да направи

лична проценка дали постојаното неприфаќање на ваквите подароци и понуди ќе го навредат лицето, што исто така нема да остави добар впечаток за пратеникот.

Во рамките на ова правило може да се покрене прашање дали оваа забрана се однесува на случаи кога пратеникот во неколку наврати се поканува на работилница, трибина или семинар организирани од стручни институции, организации или асоцијации поврзани со неговата професија. Организаторот ги покрива сите трошоци, а пратеникот е исправен пред дилемата, дали да ги прифати поканите кои може да дадат придонес за неговата професија или да ги одбие поканите за да не го доведе во прашање својот интегритет.

5. Буџетска и финансиска дисциплина

Пратеникот при извршувањето на функцијата ја почитува буџетската и финансиската дисциплина со цел правилно управување со јавните средства и нема да презема дејствија за ненаменско трошење на јавните средства. Почитувањето на ова правило подразбира пратеникот да не ги злоупотребува средствата на Собранието за приватни цели (високи сметки за фиксен и службен мобилен телефон, користење на печатар и хартија за приватни цели, користење на службен лаптоп за приватни цели).

6. Однос кон средствата кои се користат во Собранието

Пратеникот со должно внимание се однесува кон средствата кои се користат во Собранието и презема мерки со кои ќе спречи исчезнување, губење или оштетување на средствата, а по престанок на мандатот задолжените средства ги враќа во Собранието на надлежната служба. Почитувањето на ова правило подразбира пратеникот кон средствата кои му се доделени да се однесува како добар домакин (да не дозволува службениот телефон или лаптоп да ги користат други лица, недостатоците во канцелариите во објектот на Собранието навреме да ги пријавува и слично).

IV. Заради запознавање на пратеникот со документите кои се основни за работењето на Собранието на почетокот на мандатниот период на Собранието на пратеникот му се доставуват:

- Уставот на Република Северна Македонија,
- Деловникот на Собранието,
- Законот за Собранието на Република Македонија,
- Законот за пратениците,
- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
- Законот за лобирање,
- Законот за спречување и заштита од дискриминација,
- Кодексот и другите документи и обрасци кои произлегуваат од Кодексот,
- Водичот за пратеници и
- други материјали и известувања потребни за засновање на работниот однос на пратеникот во Собранието.

На почетокот на мандатниот период, како и во текот на мандатниот период, Собранието организира обуки за пратениците на кои им се даваат основни информации за постапките утврдени во Деловникот, правата и должностите на пратениците, обврските од Кодексот и за други прашања од значење за пратениците.

Обуките ги организира генералниот секретар на Собранието со Парламентарниот институт, а ги реализираат вработените од Службата на Собранието. На обуките може да се поканат и претставници од институции, организации и експерти кои ќе дадат придонес

при воведувањето на пратениците во работата на Собранието и во нивната понатамошна работа.

V. Ова упатство ќе се објави на веб страницата на Собранието на Република Северна Македонија.

Број 30 - 1180/4
07. 02. 2020 година
С к о п ј е

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛКА
НА КОМИСИЈАТА ЗА ДЕЛОВНИЧКИ И
МАНДАТНО-ИМУНИТЕТНИ ПРАШАЊА,

---------------------------------

Снежана Калеска Ванчева